# ПОГЛАВЈЕ IX. МЕСТА ЗА МОНИТОРИНГ И МЕРНИ МЕСТА ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

**ВОВЕД**

IX.1 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА АСПЕКТИ НА МОНИТОРИНГ

IX.1.1.Причина за мониторингот

IX.1.2 Одговорност за мониторингот

IX.1.3 Принцип на практичен мониторинг

IX.1.4 Аспекти на мониторингот при поставување на граници

IX.1.5 Период на мониторингот

IX.1.6 Оценка на усогласувањето

IX.1.7 Програма на мониторинг

IX.1.7.1 Точки и параметри на мониторингот

IX.1.7.2 Фрекфенција на мониторингот

IX.1.7.3 Методи на земање на примероци и анализи

IX.1.7.4 Систем за известување

IX.2. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

IX.2.1 Мониторинг на емисии

IX.2.1.1 Мониторинг на емисии во воздух

IX.2.1.2 Мониторинг на емисии во почва

IX.2.1.3 Мониторинг на емисии во подземна вода и вода за напојување на животните

IX.2.1.4 Мониторинг на ниво на бучава во животната средина

IX.2.1.5 Мониторинг на миризба во животната средина

IX.2.2 План на мерни места

IX.3. РЕАЛИЗИРАН МОНИТОРИНГ ВО ПЕРИОД ОД 2018-2023 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) во член 32 предвидува Мониторингот на медиумите и областите на животната средина да се врши преку:

- систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина и
- идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.

Според член 36 став (1) од истиот закон, правните и физичките лица кои имаат извор на емисија и со своите активности влијаат врз еден или повеќе медиуми и области на животната средина и/или користат природни богатства се должни, во согласност со посебниот закон, да вршат интерен мониторинг на изворите на емисија, односно на искористувањето на природни богатства. Правните и физичките лица кои со своите активности придонесуваат во имисиите, вршат мониторинг и на имисиите во согласност со интегрираните еколошки дозволи. Доколку обврската за мониторингот од ставот (1) на овој член е утврдена во обврзувачките услови содржани во интегрираните еколошки дозволи, а издадени во согласност со овој или со посебниот закон, лицата од ставот (1) на овој член се должни да вршат мониторинг во согласност со тие услови.

Лицата од ставот на овој член се должни:

- редовно да ги следат емисиите, технолошките процеси и влијанието врз животната средина (преку мерење на емисиите, односно пресметување и процена на количествата емисии) од изворот на загадувањето, на начин што е предвиден со посебниот закон,

Еден од обрврзувачките услови на Операторот УНИ АГРО ДОО Велес, како носител на А-Интегрегирана еколошка дозвола со Бр,11-992/3 од 05.02.2018 година, е редовно спроведување на мониторингот на начин и под услови определни во А-ИЕД. При

определувањето на обемот и динамиката на мониторингот, разгледани се сите аспекти кои што имаат влијание врз животната средина и направена е оценка на истите.

Мониторингот се однесува на процесните услови, емисиите во животната средина, како и мерења на нивоата на загадувачи во животната средина и достава на известување за резултатите од тие мерења, со цел да се покаже почитување на границите кои се специфицирани во дозволата или во други релеванти документи.

Мониторингот се спроведува за да се обезбедат корисни информации, а се базира на мерења и набљудувања што се повторуваат со определена зачестеност во согласнот со документирани и договорени процедури.

Термините мониторинг и мерење во секојдневниот јазик често се поистоветуваат, но суштински се разликуваат по опсегот:

Мониторинг на животната средина е систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина (член 5, т.15 од Законот за животна средина). Понекогаш мониторингот може да се однесува и на едноставно набљудување на даден параметар без бројчани вредности т.е. без мерење (на пр. инспекција на површински истекувања).

Мерењето вклучува низа на операции за да се одреди вредноста на квалитетот и покажува дека индивидуалниот, квантитативен резултат е постигнат. Понекогаш мерењето може да се однесува на едноставно набљудување на даден параметар и определување на несигурноста на мерењето.

## IX.1.ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА АСПЕКТИ НА МОНИТОРИНГОТ

При поставување на оптималните услови на мониторинг, следните седум аспекти треба да бидат земени во предвид:

- Причина за мониторингот
- Одговорност за мониторингот
- Принцип на практичен мониторинг
- Аспекти на мониторингот при поставување на граници,
- Период на мониторинг,
- Оценка на усогласувањето,

- Известување

**IX.1.1 Причина за мониторингот**

Според Законот за животната средина, сите максимално дозволени концентрации (МДК) во А-интегрираните дозволи треба да бидат базирани на примената на Најдобрите достапни Техники (НДТ).

Основни причини за неопходноста на мониторингот се:

- Проверка дали емисиите се во границите на МДК
- Одредување на придонесот на одредена инсталација во загадувањето на животната средина.

**IX.1.2 Одговороност за мониторингот**

Согласно Законот за животната средина, правните лица носители на А-ИЕД се должни вршат да интерен мониторинг на изворите на емисија, односно на искористувањето на природни богатства.

Операторите мониторингот можат да го вршат преку сопствени служби или преку акредитирани научни и стручни организации и други правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење мониторинг Интерниот мониторинг се врши со користење на уреди и инструменти одобрени во постапката за верификација на мерилата, утврдена со закон, со уредите и инструментите за мониторинг одржувани во исправна состојба, верифицирани и редовно калибрирани согласно законските прописи.

Крајната одговорност за спроведување на мониторинг во целост е на Носителот на А-ИЕД, а не на стручните организации и другите правни лица кои се ангажираат со цел да ги вршат мерењата.

Министерството за животна средина и просторно планирање може да спроведе сопствен мониторниг за инспекциски цели.

**IX.1.3 Принцип на практичен мониторинг**

При изборот на практичен мониторинг треба да се идентификуваат следните аспекти:

- Избор на параметрите
- Фреквенција на мониторинг

- Метод на мониторинг
- Интензитет на мониторингот

### IX.1.4 Аспекти на мониторингот при поставување на граници

За да се постават границите мора да се земе во предвид начинот на поставување на границите, кои се видови на граници и аспекти ќе се земат во предвид како дел од поставувањето на границите.

Идентификувањето на аспектите на мониторингот при поставување на границите се врши по следните параметри:

- Услови на процесот
- Опрема на процесот
- Емисии на процесот
- Услови на испарување на процесот
- Влијание врз животната средина
- Употреба на ресурси
- Процент на собрани податоци од мониторингот

### IX.1.5 Период на мониторинг

Кога се поставуваат условите на мониторингот во врска со времето треба да се земе во предвид времето на земање на примероци или вршење мерење:

- Просечно време
- Фреквенција

Времето на земање примероци или вршење на мерење се однесува на датумот, часот од денот, седмицата, месецот итн.

Просечно време е она време, во кое резултатот од мониторингот е прикажан како репрезент од просечни оптоварувања или концентрации на емисијата. Може да биде часовно, дневно, седмично, месечно, годишно итн.

Фреквенцијата се однесува на времето помеѓу земањето на индивидуалните примероци и генерално е поделено помеѓу континуиран и неконтинуиран мониторинг.

### IX.1.6. Оценка на усогласувањето

Резултатите од мониторингот се користат за оценување на усогласувањето на инсталацијата со гранците поставени со дозволата.

Оценката на усогласувањето вклучува споредба помеѓу:

- Мерењата или статистичко резиме пресметано од мерењата
- Релевантните МДК или еквивалентен параметар
- Отстапување од мерењата

### IX.1.7 Програма на мониторинг

Определувањето на Програмата за мониторинг ги вклучува следните параметри:

- Точките и параметрите на мониторинг
- Фреквенција на мониторинг
- Методи на земање на примероци и анализи
- Систем за известување

### IX.1.7.1. Точки и параметри на мониторингот

При изборот на точките на мониторинг во предвид се земени значајните точкасти извори, соодветните точки за мониторинг на амбиенталната животна средина и мониторинг на критичните процесни параметри.

Мониторингот се врши на оние извори на емисии за кои се смета дека имаат заначајно влијание врз животната средина како и на оние за кои се потребни мерки за намалување за да се постигнат прифатливи нивоа на емисии.

### IX.1.7.2. Фреквенција на мониторингот

Фреквенцијата на мониторингот е одредена во зависност од значењето и брзината на влијанието, факторите на ризик и потребата од мониторинг и од анализа на ресурсите.

Фреквенцијата може да биде континуиран мониторинг, периодичен, часовен, дневен, седмичен, месечен, годишен или мониторинг во дадена прилика за даден настан.

**IX.1.7.3. Методи на земање на примероци и анализи**

Методите за земање на примероци и анализи треба да бидат стандардни или валидизирани еквивалентни договорени со надлежен орган.

Персоналот треба да биде соодветно квалификуван и целосниот оспег на земањето примероци и правењето на анализи треба да бидат предмет за контрола на квалитет.

**IX.1.7.4. Систем за известување**

Известување за резултатите од мониторингот вклучува сумирање и презентирање на резлутатите од мониторингот, повратните информации и заклучоци од усогласувањето на ефикасен начин.

## IX.2 ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

Местата на мониторинг и земање на примероци се разгледувани за следното:

- Емисии во воздухот,
- Емисии во дождовни/атмосферски води,
- Емисии од одложување на органски отпад/ѓубриво,
- Емисии во површински води,
- Емисии во подземни води од локацијата,
- Емисии во почвата,
- Емисии на миризба,
- Емисии на бучава и вибрации.

-Од процесите на самата локација извори на емисии во воздухот претставуваат вентилационите канали на објектите за одгледување на свињи (АА1-АА120).

-Дождовната вода не содржи емисии од локацијата. Определеното место за мониторинг и земање на примероци визуелно се контролира за време на и после дождови и за време и после генерално миење на објектите пред вселувањето на животните. Испитувањето и лабораториската анализа на дождовната вода и водата од перење ќе се изведува само во случај на инцидентни ситуации.

-Мониторингот на емисии во површински води нема се врши бидејќи нема испуштања на отпадни води во површински реципиент.

-Мониторингот на подземните води се изведува на бушотината (бунарот) за снабдување со вода (AGW1), која се наоѓа во кругот Инсталацијата. Овој мониторинг ќе се спроведува со двојна цел:

-следење на влијанието врз подземните води, за што ќе се анализира сировата бунарска вода пред третман и

-следење на квалитетот на бунарската вода по третман, која како таква се користи како технолошка вода и како вода за напојување на фармските животни. Нејзиниот квалитет треба да биде со квалитет еднаков на квалитетот на водата за пиење на човекот.

-Мониторингот на бучава се реализира од едно мерно место во границите на фармата во насока кон најблиското населено место с.Амзабегово

-Мониторингот на миризбата ќе се изведува на осетливите локации кои се однесуваат на најблиското населено место (АО1) и тоа во случај на жалба од локалните жители. Фармата се наоѓа во рурална населба. Во време на нејзината изградба е проценето дека ги исполнува барањата во однос на оддалеченоста од населено место заради превенција од миризба.

### IX.2.1. Предлог за мониторинг на емисии

Предложен е мониторинг на емисија на штетни материи и прашина во атмосферата од вентилационите канали (оџаци) на објектите за одгледување на свињи, емисија на бучава и мониторинг на квалитетот на подземните води (Прилог IX.1 Мапа на точки за мониторинг и мерни места) и водата за напојување на животните.

### ЕМИСИИ ВО ВОЗДУХ

### IX.2.1.1 Мониторинг на емисии во водух

Мониторингот се предлага и понатаму да се изведува како што е предвидено со досегашната А-ИЕД, на едно мерно место: АА1-АА120 Вентилациски испуст од Објект за одгледување на прасиња – Б фаза; Локација 7/1, Координати N:22°06’07’’, E: 41°45’50’’ (5-ти вентилационен испуст, Секција 2, со динамика од две мерења годишно.

**Табела IX.1.1:** Мониторинг на емисиите во воздухот

| Ознака за точка на емисија / опис на мерно место | Извор | Локација на точката на емисија |
|---|---|---|
| Емисиона точка АА1-АА120 | Вентилација на објекти за одгледување на прасиња Б-фаза Локација – 7/1 | N 22°06’07’’<br>E: 41°45’50’’<br>(5-ти вентилационен испуст, секција 2) |

| Параметар | Фрекфенција на мониторинг | Пристап до мерните места | Метод на земање примероци | Метод на анализа/Техника |
|---|---|---|---|---|
| Физички параметри:<br><br>-Површина на попречен пресек на каналот – мерна рамнина ($m^2$)<br>-Температура на гасот (°C) *<br>-Релативна влажност на гасот (%)*<br>-Апсолутен притисок на гасот (кPa)*<br>-Брзина на проток на гасот во каналот (m/s)*<br><br>-Концентрација на Кислород ($O_2$) во отпадниот гас (%) **<br><br>-Пресметан волуменски проток во услови на мерење ($m^3$/h)***<br>-Пресметан волуменски проток при O°C и 101,3 кPa ($m^3$/h)*** | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | *СОП – бр:688,Методи за одредување дополнителни физички и хемиски параметри во отпадниот гас / IM Testo 435-2-Q<br><br>** СОП – бр:688, Методи за одредување дополнителни физички и хемиски параметри во отпадниот гас / Multirae Lite pumped-Q<br><br>*** МКС ISO 10780:2008 (8.3 eq.(4) and (5)) - Q |
| Емисија на Амонијак ($NH_3$) во воздухот | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | СОП-бр:660, Стационарни извори на емисија-Метода за одредување на $NH_3$ во воздухот / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Multirae User guide Ref C may 2013 |
| Емисија на Јаглерод диоксид ($CO_2$) во воздухот | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | СОП-бр:659, МКС ISO 12039:2008, Стационарни извори на емисија-Метода за одредувањ ена концентрацијата на $CO_2$ во воздухот – Testo 435-2 User guide |
| Емисија на Јаглерод моноксид (CO) во воздухот | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | СОП-бр:675, Метода за мерење на $O_2$, $H_2S$, CO и $CH_4$ во воздухот / Multirae User guide Ref C, may 2013-Q |
| Емисија на Сулфурводород ($H_2S$) во воздухот | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | СОП-бр:675, Метода за мерење на $O_2$, $H_2S$, CO и $CH_4$ во воздухот / Multirae User guide Ref C, may 2013-Q |

Емисиите во воздух од наведената точка(ите) на емисија наведен во Табела IX.А ќе потекнуваат само од извор(и) наведен(и) во неа. Границите на емисиите во воздух за предвидените параметри и точката на емисија нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период. Мониторингот на параметрите во табелата IX.Б на точките на емисија ќе се врши најмалку на фреквенции наведени во таа табела. Емисиите од инсталацијта не треба да содржат нападен мирис надвор од границата на инсталацијата. Граничните вредности на емисиите во атмосферата ќе се интерпретираат на следниот начин:

- Ниту една 24 часовна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност за емисија
- Методологијата која се применува е во склад со Правилникот за ГВЕ.

Мерењата треба да бидат изведени од страна на акредитирана лабораторија, со мерна опрема калибирана во утврдени законски интервали.

Операторот ги има во предвид одредбите од Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.весник на РМ бр.141/2010).

**ЕМИСИИ ВО ПОЧВА**

**IX.2.1.2 Мониторинг на емисии во почва**

Квалитетот на почвите во границите на инсталацијата ќе се следи од страна на Операторот кој е должен да не дозволи негативно влијание од привременото складирање на отпадниот материјал од свинско ѓубриво и од другите видови отпад до и за време на нивното преземање.

Активностите ќе ги врши на начин кој ќе обезбеди да не постои можност за директно влијание врз почвата, како и да не постои можност за надворешно влијание кое создава индиректни емисии во почвата.

Одложеното ѓубриво на локациите ќе го подигнува и транспортира по неговото стабилизирање, со утврдена динамика (3-4 месеци или по потреба) и ќе води евиденција за утоварот и неговото отстранување од локациите за привремено одложување.

Операторот ќе ја применува процедурата за влез на возила, со која се отстрануваат сите механички нечистотии на возилата, со што се елиминира создавањето на прашина при движењето внатре во фармата.

При случајни емисии врз почвите (пр.истурање на сточна храна при траснпорт и сл.), истите веднаш и без одлагање ќе бидат собрани и подлогата ќе биде исчистена.

Мерења на емисии во почвата досега не се вршени и не се предвидуваат.

**ЕМИСИИ ВО ВОДА (РАЗЛИЧНИ ОД ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА)**

Од Инсталацијата не се вршат испуштања на отпадни води во канализациски системи и не се вршат испуштања на отпадни води во површински реципиент/и.

**IX.2.1.3 Мониторинг на емисии во подземна вода и вода за напојување на животните**

Влијанието врз подземните води ќе се врши со мостирање на примероци вода од бушотината (бунарот) кој се наоѓа во кругот на Инсталацијата. Оваа вода се третира со систем со хлоринатор и по доведување до степен на квалитет со вода за пиење на човекот се користи како вода за напојување на животните и како технолошка вода.

Анализите ќе се прават два пати годишно, од едно мерно место -Бунар, на два примерока за анализи и тоа:

**1-**Мостра од сирова (нетретирана) бунарска вода која ќе го покажува квалитетот на подземните води во делокругот на Инсталацијата.

За класификација и категоризација ќе се применува Уредбата за класификација на водите (Сл.весник бр.18/1999) (до стапувањето во сила на Уредбата за класификација на површинските води бр.99/2016, 246/2018, 276/2019, 256/2021 и 280/2023) и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.весник бр.18/1999) и

**2**-Мостра од третирана (хлорирана) вода за следење на квалитетот на водата за напојување на животните.

Класификацијата ќе се врши според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.весник бр.183/2013).

**Табела IX.1.1**: Следење на квалитет на подземни води и вода за напојување на животните

| Мерна точка: AGW 1<br>Бунар (бушотина) во кругот на Свињарската фарма | |
|---|---|
| Сирова вода (пред третман) | Следење на квалитет на подземни води |
| Вода по третман (хлорирање) | Следење на квалитет на вода за напојување на животните и технолошка вода |

| Параметар | Фрекфенција на мониторинг | Пристап до мерните места | Метод на земање примероци | Метод на анализа/Техника |
|---|---|---|---|---|
| Вкус | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | / |
| Мирис | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | / |
| Температура | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | / |
| Турбидитет | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандардизиран метод | MKC EN ISO 7027-1/2017 |
| Електролитска спроводливост | 2 (два) пати | Слободен пристап | Стандарди | MKC EN 27888:2007 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | годишно | | зиран метод | |
| pH вредност | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 10523:2013 |
| Потрошувачка на $KMnO_4$ | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | ISO 8467:2007 |
| Содржина на амониум | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | BS ISO 15923-1:2020 |
| Вкупни нитрати и нитрити | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | BS ISO 15923-1:2020 |
| Содржина на нитрити | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | BS ISO 15923-1:2020 |
| Содржина на хлориди | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | BS ISO 15923-1:2020 |
| Вкупно железо | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | MKTS ISO/TS 15923-2:2020 |
| E.coli и колиформни бактерии cfu/100ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 9308-1:2015/A1:2016 |
| Број на колонии на 22$^{o}$C/1ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 6222:2009 |
| Број на колонии на 37$^{o}$C/1ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 6222:2009 |
| Број на Ентерококи/100ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 7899-2:2009 |
| Број на Clostridium perfringens/100ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO 7937:2008 |
| Број на Pseudomonas aerugionosa/100ml | 2 (два) пати годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | МКС EN ISO16266:2009 |

Мерењата треба да бидат изведени од страна на акредитирана лабораторија, со мерна опрема калибирана во утврдени законски интервали.

## ЕМИСИИ НА БУЧАВА И ВИБРАЦИИ

### IX.2.1.4 Мониторинг на ниво на бучава во животната средина

Следењето на нивото на бучава од технолошкиот процес на Инсталацијата и понатаму ќе се врши од веќе определеното мерно место N-20; Северозападна страна од фармата во правец на АО1: Најблиска населена куќа во село Амзабегово.

| Гранични вредности на емисии на бучава dB(A) | |
|---|---|
| Преку ден | Преку ноќ |
| 60-70 | 60-70 |

Емисиите на бучава од работењето на Инсталацијата треба да се во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство (Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните (Сл.весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

Преглед (мерење) на бучавата на определеното место Операторот ќе прави еднаш на годишно ниво.

Измереното ниво на бучава од инсталацијата не треба да доведува до зголемување на нивото на звучниот притисок (Leg,T), мерено на локациите кои се осетливи на бучава во инсталацијата, кои ги надминуваат граничните вредност/и дадени во Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните (Сл.весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

<u>Табела IX.1.1: Мерење на ниво на бучава</u>

| Мерно место N20: | |
|---|---|
| Северозападна страна од фармата во правец на најблиското населено место | Мерење на ниво на бучава |

| Параметар | Фрекфенциј | Пристап | Метод на | Метод на |
|---|---|---|---|---|

| | а на мониторинг | до мерните места | земање | анализа/Техника |
|---|---|---|---|---|
| Ниво на бучава dB(A) | 1 (еднаш) годишно | Слободен пристап | Стандарди зиран метод | СОП-бр:658, Метод за опис, мерење и оценка на бучавата во животната средина МКС ISO 1996-2:2010 |

Мерењата треба да бидат изведени од страна на акредитирана лабораторија, со мерна опрема калибирана во утврдени законски интервали.

Операторот ги има во предвид одредбите од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл.весник на РМ бр.147/2008).

### IX.2.1.5 Мониторинг на миризба во животната средина

Мониторингот на миризбата ќе се изведува на осетливите локации кои се однесуваат на најблиското населено место (АО1) и тоа во случај на жалба од локалните жители. Фармата се наоѓа во рурална населба и за време на нејзината изградба ги исполнувала сите барања во однос на оддалеченоста од населено место заради превенција од миризба.

| Мерно место | Миризба |
|---|---|
| Најблиска населена куќа АО 1 | По потреба (во случај на жалба) |

### IX.2.2 План на мерни места

Мониторинг на емисиите на сите мерни места ќе се изведува на местата деифинрани во Планот за мерни места во Табела 1 и прикажан на Мапа.

<u>Табела IX.Ж:: План на мерни места за мониторинг и земање на примероци</u>

| Референтна точка | Опис | Фрекфенција на мерење |
|---|---|---|
| Емисии во воздух:<br>АА 1- АА 120 | Вентилационен испуст на објекти за одгледување на свињи | Два пати годишно |

| | | |
|---|---|---|
| Емисии во вода (подземна сирова и третирана за напојување на животни):<br><br>AGW 1 | Бунар (бушотина) за снабдување со вода за пиење | Два пати годишно |
| Емисии на бучава:<br><br>N-20 во правец на АО 1 и најблиското населено место | Северозападна страна од фармата во правец на АО1 | Еднаш годишно |
| Миризба<br><br>Најблиска населена куќа во село Амзабегово АО 1 | Најблиска населена куќа во село Амзабегово | По потреба |

*Мапа на мерни места Свињарска фарма УНИ АГРО доо с.Амзабегово*




## IX.3 Реализиран мониторинг во период 2018 – 2023 година

Постапувајќи по условите од добиената А-ИЕД, по нејзиното добивање Операторот уредно го спроведувал мониторингот. Комплетното мониторирање го прикажува во

Годишните извештаи за животна средина кои во определениот рок ги доставува до надлежниот орган:

1.Годишен извештај за животна средина за 2018 година со арх.бр.:0302-125 од 09.04.2019г.;

2.Годишен извештај за животна средина за 2019 година со арх.бр.:0302-101/1 од 27.03.2020г.;

3.Годишен извештај за животна средина за 2020 година со арх.бр.:0302-122 од 26.03.2021г.;

4.Годишен извештај за животна средина за 2021 година со арх.бр.:0302-070/1 од 25.03.2022г.;

5.Годишен извештај за животна средина за 2022 година со арх.бр.: 0302-178 од 29.03.2023 г. и

6.Годишен извештај за животна средина за 2023 година со арх.бр.: 0304-135 од 27.03.2024г.